# ДОДАТОК XIII

# РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

# ДОДАТОК XIII

## РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

**СОДРЖИНА**

XIII.1. Вовед ..... 3

XIII.2. Престанок со работа ..... 3

XIII.3. Ремедијација ..... 9

XIII.4. Потребни финансиски средства ..... 10

## XIII.1. Вовед

Со цел минимизирање на влијанијата врз животната средина во случај на престанок со работа на дел или на целата инсталација, ремедијација и грижа по престанок со работа, неопходно е спроведување на мерки и активности по престанок со работа на живинарската фарма на Фреш Фарм.

Мерките се однесуваат на целата Инсталација вклучувајќи ги сите објекти кои се во состав на живинарската фарма, опремата, уредите, системите, суровините затекнати во Инсталацијата, горивата и различните видови на отпади кои времено биле одложени во рамките на Инсталацијата.

Живинарската фарма Фреш Фарм за потребите на производство ги користи двете одгледувалишта за кокошки несилки и одгледувалиштето за пилиња, млинот за подготовка на храна за живината, како и магацинот за сортирање и пакување на јајца. Другите објекти во рамките на инсталацијата имаат помошна функција, односно складирање на суровини, отпад и простории за вработените.

Парцелата на која се наоѓа Инсталацијата е со површина од 20.758 $m^2$, од која со објекти се зафатени 4.146,1 $m^2$.

Како опасни супстанции кои времено се складираат во Инсталацијата се идентификувани *дизел гориво* (запаливо по својата природа доколку несоодветно се ракува со него), складирано во надземен резервоар и мали количини на дезинфикатори за одржување на хигиената во објектите.

Во Табелите IV.1 и IV.2 и во додатокот IV се наведени податоците за суровините, помошните материјали, готовиот производ, нус производите и енергенсите кои се користат во рамки на живинарската фарма на Фреш Фарм и начинот на ракување со нив. Важно е да се напомене дека при престанок со работа ќе треба да се направи пресек на складираните количини на суровини за производство и готов производ, како и преостанати количини на генериран отпад.

## XIII.2. Престанок со работа

По донесување на Одлука за престанок со работа на дел од инсталацијата или на целата инсталација, неопходно е да се преземат активности и применат мерки од страна на одговорните лица во согласност со Планот за целосен или делумен престанок со работа, како и со Планот за демонтажа на опремата, кои ќе ги минимизираат влијанијата врз животната средина.

**Целосен или делумен престанок со работа**

Под делумен престанок со работа се подразбира престанување со работа на дел од активностите во Инсталацијата.

Под времен престанок на работа се подразбира престанување со работа во времетраење подолго од една година. Под целосен престанок со работа се подразбира престанување со работа на целата Инсталација.

Во случај на делумен престанок со работа, објектите каде е сместена опремата, ќе бидат преадаптирани за друга на намена. Опремата ќе биде отстранета од објектите и со неа ќе се постапува во зависност од нејзината функционалност. Доколку опремата е сеуште функционална, по извршено темелно чистење, ќе биде преместена на друга соодветна локација за таа намена или продадена на заинтересиран клиент. Доколку е надвор од функција, во зависност од материјалот од кој е изработена ќе биде селектирана и продадена како секундарна суровина.

Успешното дислоцирање и минимизирање на влијанијата врз животната средина во случај на престанок со работа ги опфаќа следниве фази:

- ✓ Дислокација на живината, суровините и крајните производи,
- ✓ Дислокација на процесната опрема,
- ✓ Дислокација на објектите или нивна пренамена, и
- ✓ Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за друга намена.

Во случај на целосен престанок со работа, објектите каде е сместена опремата ќе се испразнат и во зависност од функционалноста на опремата истата или ќе се демонтира и продаде за повторна употреба за иста намена или ќе се селектира и ќе се продаде како секундарна суровина. Исто така, сите материјали и суровини кои можат да се искористат, ќе се продадат за соодветната намена. Листата на компании кои ќе можат да ги откупат останатите суровини, материјали и/или готови производи ќе се ажурира редовно. Во предвид ќе се земат компании кои имаат практика на соодветно постапување со откупени добра и совесно работење.

Силосите треба да бидат исчистени, дезинфицирани и затворени за понатамошна употреба. Кога последната живина или пак јајца ќе бидат отстранети од живинарската фарма, објектите треба да бидат темелно исчистени и да биде извршена дезинфекција.

Градежниот шут од објектите ќе се одложи на депонија за градежен шут или на локација одредена од локалната самоуправа.

**План за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затворањето**

Операторот ќе достави писмено известување до надлежните органи за планираниот престанок заедно со ажурираниот План за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затворањето, 90 дена пред предвидениот престанок со работа. Со Планот се претпоставува дека периодот на затварање (целосен или делумен) е однапред познат.

Во случај на престанок со работа, одговорните лица ќе направат преглед на суровините, помошните материјали и производи во објектите кои ќе престанат со работа. Притоа е неопходно да се направи листа на расположливи количини и да се даде налог за набавка на оние количини и материјали неопходни за работењето на преостанатиот дел од Инсталацијата, во случај на нејзино делумно затварање. Доколку се планира целосен престанок со работа, ќе се даде налог за набавка на оние количини потребни за преостанатиот период од работењето до самото затварање. Прегледот ќе се направи со цел да се дефинираат складираните количини и да се направи план за нивно управување до затворањето, со цел истите да бидат минимизирани или целосно исцрпени.

*<u>Опрема и возен парк</u>*

При делумно затварање на Инсталацијата, функционалната опрема ќе се премести и доколку е соодветна, ќе се употребува на локација која продолжува со работа. Процесната опрема (поилки, хранилки, кафезни системи, системите за вентилација, ладење и загревање) ќе биде исчистена, демонтирана и соодветно складирана до продажба или, ако не се најде купец, отстранета или рециклирана преку соодветни овластени фирми.

Опремата која е надвор од функција ќе се селектира во зависност од материјалот од кој е изработена и ќе се продаде како секундарна суровина. Со искористената електрична и електронска опрема ќе се постапува во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

*<u>Објекти</u>*

Објектите со кои располага Инсталацијата се изградени со неопходната инфраструктура наменета за основната дејност што ја врши Операторот. Дел од материјалите кои може повторно да се користат ќе бидат демонтирани и дислоцирани. Металната конструкција ќе се демонтира и продаде како секундарна суровина.

Пречистителната станица за третман на комунални води ќе биде испразнета и отпадната вода предадена на овластена компанија за собирање и третман, а потоа

ПСОВ ќе биде затворена за употреба. Доводите за струја и вода ќе бидат исклучени и сите објекти на локацијата да бидат затворени.

Операторот ќе се погрижи отпадот што нема да се продаде, безбедно да биде преземен од овластени компании со кои ќе се склучи Договор за преземање и соодветно одложен на депонија.

*Одржливост и проверка на Планот*

Во текот на оперативниот период на Инсталацијата, Планот за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затварањето на Инсталацијата, ќе се ажурира во зависност од потребите и измените кои ќе настанат на локацијата, како и со промена на законската регулатива. Планот ќе се ажурира со секоја нова измена и секое можно ново загадување и ризици кои ќе произлезат од активноста на Инсталацијата.

**Подготовка и демонтажа на опремата**

Пред да се пристапи кон демонтажа на опремата во Инсталацијата, потребни се подготвителни активности кои како и самата демонтажа можат да предизвикаат потенцијални негативни влијанија врз различните елементи на животната средина. Тие активности опфаќаат:

а) Промивање на целокупната опрема;

б) Расклопување на опремата и машините;

в) Конзервирање на функционалните делови на опремата која се уште може да се користи (да се продаде);

г) Генерирање на отпад при демонтажа на нефункционални делови од опремата (продажба како старо железо или отпад кој може да се рециклира);

д) Собирање, транспорт и финално отстранување или третман (рециклирање) на отпадот.

Генералната шема на целиот процес на подготовка и демонтажа на опремата е дадена на следната слика:




**Генерална шема на процесот на подготовка и демонтажа на опремата**

Пред отпочнување со подготвителни активности, се препорачува формирање на стручен тим од живинарската фарма на „Фреш Фарм“, кој ќе биде одговорен за раководење со целиот процес на подготовка за демонтажа и следење на процесот на демонтажа. Тимот ќе биде одговорен за водење на записи од спроведените активности поврзани со демонтажата на опремата.

Планот за демонтажа на опремата треба да биде направен согласно предвидените подготвителни работи и демонтажните активности кои се потенцијални ризици по животната средина. Во прилог се дадени дел од планираните активности и соодветни мерки за заштита во фазата на демонтажа.

| | Планирани активности | Мерки на заштита |
|---|---|---|
| **1.** | Мерења на емисии на загадувачки материи во воздух и води | Спроведување на мерења на емисии на загадувачки материи во воздух (прашина CO, $CO_2$, $NO_x$) и мониторинг на води (суспендирани честички, сув остаток, сулфати, pH БПК5, ХПК, растворен кислород, амонијак, нитрити, нитрати, стрептококи кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | потекнуваат од фекалии и Escherichia coli) од страна на акредитирана лабораторија |
| **2.** | Проверка на постоење на складирани суровини на локацијата каде ќе се врши демонтажа на опрема | Управување со складираните суровини на други локации во Инсталацијата со цел да се намали ризикот од истекувања, запалување и слично при демонтажа |
| **3.** | Испуштање на течно гориво (дизел) во буриња и нивно соодветно обележување и складирање | Собирање на течно гориво во буриња со соодветно обележување и складирање се до преземање од страна на овластена компанија.<br>Чистење на резервоарот со горивото, пред да биде демонтиран и понатамошно постапување со иститот. |
| **4.** | Подготовка на шема за чистење на одгледувалишта и други придружни објекти | Идентификација на местата каде треба да се земат проби за тестирање на квалитетот на воздухот и отпадните води, фреквенција на земање на примероци од страна на овластени лица. |
| **5.** | Промивање на опрема која треба да се демонтира | Промивањето обезбедува спречување на ризик од повреди и инциденти при демонтирање. |
| **6.** | Мониторинг на отпадните води за време на промивањето | Мерења на присуство на суспендирани честички, сув остаток, сулфати, pH, амонијак, нитрити, нитрати, во отпадните води од страна на акредитирана лабораторија. |
| **7.** | Ангажирање на овластена компанија за демонтирање на опремата, собирање и транспортирање на генерираниот отпад | Ангажирање на овластена компанија која има професионален тим обучен за работа во ваков тип инсталации, соодветна опрема и транспортни возила за навремено квалитетно извршување на демонтажата. Ангажирање на овластени постапувачи за секој вид на генериран отпад. |
| **12.** | Демонтирање на опремата | Обезбедување на соодветна заштитна опрема за работниците кои ќе работат на демонтажа на опремата во Инсталацијата |
| **13.** | Примарна селекција на отпадот на местото на создавање  за намалување на ризикот од мешање на опасниот со неопасниот отпад | Примарната селекција обезбедува селектирање на опасниот од неопасниот отпад, отпадот кој има инертни својства, отпадот кој може да се рециклира и помалите специфични фракции на отпад. Примарната селекција е исто многу важна за правилно селектирање на отпадот кој може да се рециклира и повторно употреби како суровина. |
| **14.** | Собирање на селектираните фракции од отпад и соодветно управување (согласно законските барања за секоја фракција) | Со различните фракции на отпад треба да се управува согласно законските барања во поглед на правилно пакување, обележување со шифрата на отпад од Листата на отпади и складирање.<br>Присуство на екипа од пожарникари за помош при демонтирање на опремата во случај на хаварија.<br>Забрането палење на било каков отпад на локацијата каде се врши демонтажа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Отпадот треба да биде покриен за време на транспортот (посебно ако се работи за помали, лесни парчиња) за да не дојде до повреда на луѓето при транспортот.<br><br>Забранет пристап на неовластени лица до привремено складираниот опасен отпад (гориво, дезинфикатори, средства за чистење и сл.) со цел да се намали ризикот од хаварија.<br><br>Контролирано испуштање на отпадни масла и течни горива и нивно соодветно складирање се до финалното преземање од страна на овластен постапувач.<br><br>Воспоставување на договор со овластени собирачи, транспортери на различните фракции на отпад и нивно безбедно финално одлагање.<br><br>Складирање на создадениот отпад на одредени места согласно типот на отпад (опасен/неопасен/инертен) до моментот на собирање, транспорт и финално отстранување.<br><br>Водење евиденција за создадениот отпад и редовно известување за количините на создаден и предаден отпад кон надлежните органи. |
| **13.** | Демонтирање на опремата и транспорт на отпадот | Употребата на алати за сечење и демонтирање на опремата како и движењето на возила на локацијата можат да предизвикаат зголемено ниво на бучава и вибрации кои директно преставуваат ризик по здравјето на работниците. Потребно е носење на лични заштитни средства од страна на работниците и користење на опрема која по спецификација создава помала бучава.<br><br>Мерења на бучава од страна на акредитирана лабораторија согласно Правилникот за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава (Сл. Весник на РМ бр. 21/08) |
| **14.** | Чистење на објектите, бетонските и асфалтните површини | По завршување на демонтажата на опремата, треба да се исчистат објектите, бетонските и асфалтните површини од евентуални истекувања или остатоци од суровини/отпад од страна на овластена компанија. |

### XIII.3. Ремедијација

По престанок со работа на инсталацијата „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО и спроведување на активностите и мерките од Планот за демонтажа, Инсталацијата ќе започне постапка за враќање на животната средина во нејзината почетна состојба со примена на соодветни мерки.

Супстанциите кои ќе се складираат во резервоарите, цистерните, силосите се соодветно означени со тип на супстанција и означени според потенцијалниот ризик по околината.

## XIII.4. Потребни финансиски средства

Во Табелата која следи се прикажани потребните финансиски средства за спроведување на постапката за затварање на инсталацијата на Фреш Фарм и ремедијација:

**Табела со финансиски импликации од спроведување на активностите за затварање на инсталацијата и ремедијација**

| Бр. | Тип на активност | Потребни финансиски средства (Евра) |
|---|---|---|
| **1** | Подготовка на План за демонтажа на опрема | 5.000,00 |
| **2** | Отстранување на суровини, готови производи и енергенси | 3.000,00 |
| **3** | Чистење, демонтирање и складирање (конзервирање) на процесната опрема | 12.000,00 |
| **4** | Чистење на објекти, бетонски и асфалтни површини | 4.000,00 |
| **5** | Пречистување на водите од перењето на опремата | 3.000,00 |
| | **Вкупно** | **27.000,00** |